РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# УПАТСТВО ЗА
# НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО И НАДВОРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ
# ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Скопје, декември 2016 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 2 став (4) од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/16) и член 2 став (5) од Правилникот за заштитено надворешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/16), министерот за внатрешни работи донесе

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО И НАДВОРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**Член 1**

Со ова упатство се пропишува начинот на постапување за заштитено внатрешно и надворешно пријавување (во натамошниот текст: заштитено пријавување) во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството).

**Член 2**

Заштитено пријавување укажувачот врши во Министерството, ако има разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво дело или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

**Член 3**

(1) Прием на пријави заради заштитено пријавување во Министерството врши лице овластено од министерот за внатрешни работи (во натамошниот текст: министерот).

(2) Овластеното лице за прием на пријави заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Министерството (во натамошниот текст: овластено лице), врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено пријавување согласно закон, поединечно или групно, во писмена форма доставени лично или преку посебно поштенско или електронско сандаче или усно на записник.

**Член 4**

Лицето кое согласно закон може да се јави во својство на укажувач, пријавувањето го врши директно до овластеното лице и тоа усно на записник или во писмена форма, доставена лично или преку посебно поштенско или електронско сандаче.

**Член 5**

Во случаите кога пријавувањето е извршено директно до овластеното лице во Министерството, овластеното лице задолжително:

- постапува по пријавувањето со почитување на процедурите утврдени со ова упатство;

-презема мерки за заштита на личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно прописите за заштита на личните податоци;

- презема мерки за заштита на информациите во пријавата доколку истите се добиени со увид во класифицирани документи или истите се класифицирани информации, согласно прописите за заштита на класифицираните информации во Министерството и

- го информира укажувачот доколку е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

**Член 6**

(1) Доколку пријавата е добиена усно, овластеното лице составува записник во кој се содржани податоците од членот 7 од ова упатство.

(2) Совпаѓањето на податоците од усната пријава во содржината на записникот се потврдува со личен потпис на укажувачот и овластеното лице.

(3) Записникот од ставот (1) на овој член се заведува како примена пријава, а доколку истиот содржи класифицирани информации, се класифицира согласно содржината и се заведува во деловодна книга за класифицирани информации согласно степенот на класификацијата.

**Член 7**

(1) Пријавата за заштитено пријавување што се доставува во писмена форма содржи:

- назив на органот каде што се врши пријавувањето;

- податоци за укажувачот (име и презиме);

- категорија на лице кое согласно Законот за заштита на укажувачи може да се јави во својство на укажувач;

- барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој тоа го бара;

- податоци за лицето односно субјектот против кој укажувачот пријавува;

- опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес;

- начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот (предложени од укажувачот);

- прилози и
- датум и место на прием на пријавата.

(2) Пријавата од ставот (1) на овој член се печати на бела хартија во А4 формат.

(3) Доколку пријавата содржи класифицирани информации или во прилог се доставуваат прилози кои имаат степен на класификација, истата се класифицира согласно информациите и прилозите кои се во прилог.

(4) Образецот на пријавата од ставот (2) на овој член е даден во Прилог бр. 1, кој е составен дел на ова упатство.

**Член 8**

(1) Доколку пријавата е доставена во електронска форма на носач на електронски запис односно по електронски пат, овластеното лице го печати записот кој одговара на пријава според содржината и испечатеното со попишани прилози добиени во форма на електронски записи го заведува како примена пријава.

(2) Доколку пријавата во својата содржина има класифицирани информации, истата ја класифицира со степен согласно содржината и ја заведува во деловодна книга за класифицирани информации согласно степенот на класификацијата.

(3) Доколку печатењето на прилозите од ставот (1) на овој член е неекономично, овластеното лице истите ги зачувува во електронска форма на посебен компјутер обезбеден со лозинка позната само нему.

(4) Кога овластеното лице ја проследува пријавата до друга надлежна институција или кога е потребно пренесување на приложените електронски записи заради постапување по пријавата, во случајот од ставот (3) на овој член, овластеното лице извршувајќи ги обврските и одговорностите во примена на обезбедените технички и организациски мерки за заштита на податоците во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци и безбедноста на класифицираните информации, електронските записи ги преснимува на носач на електронски запис кој го приложува кон пријавата.

**Член 9**

(1) Овластеното лице истиот ден по приемот на пријавата согласно членовите 6 и 8 од ова упатство, ја заведува пријавата со сите прилози, ја разгледува, ја проучува нејзината содржина и постапува согласно закон.

(2) Заведувањето на примените пријави, овластеното лице го врши со ставање посебен приемен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.

**Член 10**

(1) Доколку овластеното лице утврди дека примениот документ односно запис не претставува односно не се однесува на пријава од укажувач, за истото веднаш во предметот става забелешка која ја евидентира во посебниот деловодник, задржува копија од предметот, а

предметот со приложените документи во оригинал го доставува со пропратно писмо до писарницата на министерството.

(2) За преземените дејствија од ставот (1) на овој член, овластеното лице без одлагање го известува укажувачот доколку е познат.

**Член 11**

(1) По приемот и заведувањето на пријавата овластеното лице без одлагање врши проценка на содржината на пријавата за да утврди дали истата е логична и разумна, дали претставува пријава од укажувач согласно Законот за заштита на укажувачи како и дали пријавата содржи доволно елементи за да биде проследена за понатамошно постапување.

(2) Во вршењето на проценката од ставот (1) на овој член, овластеното лице може да побара дополнителни информации од укажувачот доколку е познат и да се консултира со други лица, а притоа внимава на заштитата на идентитетот на укажувачот.

(3) По извршување на проценката од ставот (1) на овој член овластеното лице донесува заклучоци за понатамошно постапување по пријавата кои се однесуваат на надлежноста односно ненадлежноста за постапување на институцијата каде е назначено и потребното преземање мерки за постапување по пријавата.

**Член 12**

(1) За наводите од содржината на пријавата и заклучоците од членот 11 став (3) од ова упатство, овластеното лице без одлагање го известува министерот.

(2) По исклучок, доколку овластеното лице во вршењето на проценката од членот 11 од ова упатство констатира дека наводите од содржината на пријавата непосредно или посредно се насочени против министерот, пријавата ја проследува до надлежната институција согласно закон.

**Член 13**

(1) Овластеното лице до кое е доставена пријава по која е надлежна да постапува друга институција согласно закон, најдоцна до осум дена од денот на приемот пријавата ја заведува и ја проследува до надлежната институција.

(2) Доколку е пријавено кривично дело против државата, против човечноста и меѓународното право, од обласата на организираниот криминал и за кое со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години, чиешто докажување е проследено со несразмерни тешкотии или не може да се изврши без исказ на укажувачот кој поради можната опасност да биде изложен на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем, не се согласува во својство на сведок да даде исказ, овластеното лице со прибавена писмена согласност од укажувачот без одлагање доставува:

- до надлежните организациски единици во Министерството или до надлежен јавен обвинител иницијатива за доставување писмено барање за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со

Законот за заштита на сведоци или

- до Јавниот обвинител на Република Македонија иницијатива за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци.

(3) За проследувањето на пријавата од ставот (1) на овој член и за доставувањето на писменото барање од ставот (2) алинеи 1 и 2 на овој член, овластеното лице истовремено го известува укажувачот доколку е познат.

### Член 14

(1) По примената пријава што е упатена до надлежна институција за која по проценката од членот 11 од ова упатство се утврди дека истата е логична, разумна и содржи доволно елементи за понатамошно постапување, овластеното лице презема мерки во своја надлежност за постапување по пријавата односно ја проследува пријавата до службеното лице во институцијата надлежно за постапување во областа на која се однесува пријавата, откако претходно од пријавата ќе ги издвои личните податоци и податоците кои може да го разоткријат идентитетот на укажувачот доколку укажувачот барал да остане доверлив.

(2) Овластеното лице на барање на укажувачот го известува за текот и дејствијата кои се преземени во постапувањето по пријавата и му овозможува на укажувачот да изврши увид во списите на предметот оформен врз основа на неговата пријава согласно закон.

(3) Доколку овозможувањето на увидот од ставот (2) на овој член односно пристапот до информациите во врска со постапувањето по пријавата може да има штетни последици за текот на постапката, овластеното лице ги одделува тие информации и за тоа го известува укажувачот и му овозможува увид во останатиот дел во содржината на известувањето односно во останатиот дел од списите на предметот.

(4) За исходот од постапката по предметот оформен по пријавата овластеното лице го известува укажувачот доколку е познат.

### Член 15

(1) Овластеното лице изготвува полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи кој содржи општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави.

(2) Општи статистички податоци за кои задолжително се известува со полугодишен извештај се:

а) вкупен број на примени пријави;

б) број на примени пријави, по следните параметри:

- форма и начин на достава на пријава (усна на записник, писмена по пошта, писмена по електронска пошта),
- пријавено казниво односно недозволиво постапување,
- категорија на лица во својство на укажувач,
- позиција/работно место на пријавени лица,
- доверливи укажувачи,
- анонимни укажувачи,
- укажувачи кои не се анонимни и кои не барале да бидат доверливи;

в) вкупен број на укажувачи;

г) број на анонимни укажувачи;

д) број на доверливи укажувачи;

ѓ) број на пријави кои се проследени до институција на надлежно постапување;

е) број на пријави по кои институцијата постапила во рамки на своите надлежности;

(3) Податоци за оформени предмети по примени пријави се:

а) вкупен број на примени пријави;

б) број на примени пријави по параметрите:

- форма и начин на достава на пријава (усна на записник, писмена по пошта, писмена по електронска пошта),
- пријавено казниво односно недозволиво постапување,
- категорија на лица во својство на укажувач,
- позиција/работно место на пријавени лица,
- доверливи укажувачи,
- анонимни укажувачи,
- укажувачи кои не се анонимни и кои не барале да бидат доверливи;

в) вкупен број на укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети;

г) број на анонимни укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети;

д) број на доверливи укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети;

ѓ) број на предмети оформени по примени пријави;

е) преземени мерки за постапување по примените пријави;

ж) статус на предметите оформени по примени пријави и исход од постапувањето по предметите.

**Член 16**

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 13.11-78423/1
09. 12. 2016
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
VIII
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

# ПРИЈАВА

## ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО И НАДВОРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Од: ______________________________

______________________________

(име и презиме на подносителот на пријавата)

**Категорија:**

- лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во Министерството за внатрешни работи;
- кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во Министерството за внатрешни работи;
- лице кое е или било волонтер или практикант во Министерството за внатрешни работи;
- лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа од Министерството за внатрешни работи;
- лице кои по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со Министерството за внатрешни работи;
- лице кое користи или користело услуги во Министерството за внатрешни работи;

**Барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој тоа го бара:**

______________________________

**Пријавувам (податоци за лицето односно субјектот):** ______________________

**Опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес:**

______________________________

**Начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот (предложени од укажувачот):** ______________________________

**Прилози:** ______________________________

**Скопје** ____________________ **година**